Прилог бр.3		Предметна програма од трет циклус на студии				
1.	Наслов на наставниот предмет	БИОМАТЕРИЈАЛИ И СОВРЕМЕНИ РЕГЕНЕРАТИВНИ ТЕХНИКИ НА КОСКЕНА И МЕКОТКИВНА АУГМЕНТАЦИЈА				
2.	Код	ДСИМ2				
3.	Студиска програма	Трет циклус студии – докторски студии по стоматологија на Стоматолошки факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје				
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за Имплантологија				
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус				
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	1	

7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Марија Пеева-Петреска
9.	Јазик на кој се изведува наставата	македонски
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	/
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на предметот е запознавање на студентите со клиничките аспекти на физиолошка алвеоларната коскена атрофија и проблемот на нејзино менаџирање и превенција, со акцент на превенцијата во смисла на атрауматски карактер на денталните екстракции и навремена презервација на постектракционата алвеола со регенеративни биоматеријали. Во услови на изразена атрофија на алвеоларниот гребен, студентот ќе се запознае со сите хируршки методи и биоматеријали кои се користат за таа намена.
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	1.Поглавје - Физиолошки процеси на создавање и ремоделирање на коскеното ткиво по екстракцијата на забите. - Тродимензионална редукција на алвеоларниот гребен по загуба на забите, класификации според коскениот квантитет и квалитет. - 2Д и 3Д анализа на коскениот фундамент (5 часа) *Резултати од 1 поглавје:* Студентот ќе го продлабочи знаењето за анатомските и физиолошките карактеристики на коскениот фундамент и алвеоларните гребени на виличните коски по загуба на забите, дијагнозата и начинот на мерење на резидуалниот гребен, како и класификации на истиот кои се есенцијални кон терапијата и изборот на метода за нивно решавање. 2.Поглавје – Превенција на физиолошката ресорпција по екстракција на заби, презервација на алвеола и алвеоларен гребен, избор на материјал и обезбедување на истиот -Избор на методи за презервација на алвеоларен гребен, манипулација со меко и коскено ткиво - Презервација на постекстракциона алвеола (техника без флап -Landsberg and Bichacho и класичната техника на презервација на алвеолата), аугментација на резидуален алвеоларен гребен (апликација на графт материјали и мембрани за GBR/GTR, “onlay” графтирање. (5 часа) *Резултати од 2 поглавје:* Студентот ќе ги научи сите методи за презервација на алвеола и алвеоларен гребен, со цел зачувување на димензиите на истиот, како основа за понатамошен имплантолошки третман. При тоа ќе знае да направи адекватен избор на метода и материјал за таа намена, со соодветна манипулација и на мекоткивниот и на коскениот фундамент. 3.Поглавје – Избор на други аугментативни хируршки техники - Расделување на резидуалниот алвеоларен гребен “ridge split”, дистракциона остеогенеза, и техники на аугментација на максиларен синус (вертикален и хоризонтален синус лифт).- - Биоматеријали за графтирање и видови на бариерни мембрани (ресорптивни и нересорптивни), слободни гингивални графтови за коскена и мекоткивна аугментација, нивната поделба, карактеристики и индикации за нивна употреба. (10 часа) *Резултати од 3 поглавје:* Студентот ќе се запознае со методите за локално зголемување на резидуалниот алвеоларен гребен, следејќи ги принципите на GBR/GTR, избор на метода за синус лифт според строго дефинирани критериуми и

		хируршка манипулација со мекото и коскеното ткиво. 4. Поглавје - Демонстрација на методологијата на добивање на автологни деривати како дополнување при употреба на биоматеријали - начин на припрема на PRF, PRP и автологен дентински графт (15 часа) *Резултати од 4 поглавје:* Студентот се запознава со припремата и можноста за комбинирање на автологните крвни деривати и дентинскиот графт со другите биоматеријали, како би се подобриле нивните својства, односно би добиле карактеристики на остеоиндуктивни материјали. Хируршката манипулација со овие материјали има свои специфики, кои студентот ќе ги запознае.. 5. Поглавје- Превенција и третман на интра и постоперативни компликации при сите аугментативни техники за локално зголемување на коскениот волумен (10 часа) *Резултати од 5 поглавје:* Запознавање и оспособување на студентот за темелно и правилно планирање на аугментативните постапки, со цел превенција на компликации. Вкупно.....45 часа		
13	Заемна поврзаност на предметите	Хируршки аспекти на имедијатната и медијатната постава на дентални импланти		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	- Презентација на методските единици од страна на професорот; - Дискусија на часовите за методските единици; - Дискусија на студентите со професорот за најновата литература поврзана со содржините на предметот.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), <u>семинари, тимска работа</u>: часови	30
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	20
		17.2.	Самостојни задачи: часови	25
		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис	Редовно присуство на теоретската настава и изработка на семинарски труд.		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови		40
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		20
	19.3.	Завршен испит: бодови		40
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) (F)
			од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)

				од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)
				од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)
				од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)
				од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата			Самоевалуација од страна на студентите, проодноста на студентите кои го положиле предметот, редовни состаноци на наставниот кадар за преглед на успешноста и идентификација на подобрувања, надворешна евалуација.	
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Fouad Khoury, Hadi Antoun, Patrick Missika	Bone Augmentation in Oral Implantology 1st Edition	Quintessence Pub Co	2007
		2.	Carl E,Misch	Avoiding Complications in Oral Implantology	Elsevier	2017
		3.	Steven J Sadowsky	Evidence-based Implant Treatment Planning and Clinical Protocols	John Wiley & Sons, Inc.	2016
		4.	Nadeem Karimbux, Hans-Peter Weber	Clinical Cases in Implant Dentistry	John Wiley & Sons, Inc	2017
		5.	Пеева- Петреска М.,ВелескаСтевковска Д.,Пешевска С..	Дентална имплантологија,	Стоматолошки факултет, Скопје	2013
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Louie Al -Frarje	Oral Implantology Surgical Procedures Checklist	Quintessence	2018
		2.				
		3.				